## Завршен настан на проектот „Чиста енергија за чист воздух“

Чиста животна средина е неопходна за секој од нас и е од исклучителна важност за нашата иднина. Квалитетот на воздух е од суштинско значење за луѓето и за здрава животна средина, кој за жал значително е влошен во последните децении како резултат на индустриската револуција, согорување на фосилни горива, производство на енергија и енормниот пораст на сообраќајот.

Општина Шуто Оризари после повеќе децениско запоставување почна да гради став на одговорна локална самоуправа, која со континуирани дела покажува грижа за сопствената околина. Одиме во насока и развој на одржлив начин да ја зачуваме животната средина, преку одржливи практики за спроведување на енергетска ефикасност на објекти, обновливи извори на енергија, планско уредување со зелени површини, се со цел да се создаде квалитетна и здрава животна средина за идните генерации.

Во изминатиот период од 2019/2020 година општина Шуто Оризари споведе голем број на активности, еко акции и проекти за придонес во квалитетот на здрава животна средина:

- Меѓу првите приоритетни цели ни беше и ќе ни биде и понатаму проектот за нула отпад во урбаните делови од општината, односно мерките за спречување на дивите депонии. Во таа насока и програмата за животна средина на нашата општина за 2020 година соодветно ја буџетиравме со над 20% од средствата од основниот проект.
- Енергетската ефикасност на општински објекти е исто така наш приоритет и за тоа сведочи целата реконструкција на кровот, фасадата и промена на старите прозорци со нови енергетско ефикасни пвц прозори во ООУ „Браќа Рамиз-Хамид“.
- Дополнително сме во преговори за отпочнување на проект кој ќе овозможи гасификација на општинската зграда, двете основни

училишта во кои учат над 4.000 ученици и средното училиште. Со ова ќе постигнеме намалување на емисиите на штетните гасови од постоечките механизми за затоплување, но и намалување на трошоците на нашите локални институции.

- Општина Шуто Оризари ја доби најенергетски ефикасната детска градинка „8-ми Април" која во моментот згрижува околу 170 деца, изградена во урбан стил, по светски стандарди, со нагласен аспект на енергетската ефикасност.
- За реализација на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година, во делот на енергетска согласност беа одобрени средства во висина од 974.110,00 денари за која вредност е набавена опрема надворешни и внатрешни ПВЦ прозорци во општинската административна зграда.
- Исто по Програмата за намалување на аерозагадувањето, во ООУ Браќа Рамиз-Хамид, со активности за планско уредување на дворната површина се засадени плодородни дрва и дрва со брзорастечки карактеристики и тревен дел, се со цел создавање на поголема зелена маса.
- По повод 8-ми април Светскиот ден на Ромите 2019 год. Засадени се 15 листопаднИ, 15 зимзелени дрвја, нискостеблести украсни растенија и пролетни украсни цвеќиња во дворовите на основните училишта „26-ти Јули" и „Браќа Рамиз-Хамид" и Спортско рекреативниот центар.
- Денот на пролетта, Светскиот ден на екологијата и Денот на планетата Земја во основните училишта се обележуваат со еко акции и работилници на тема за зачувување на животната средина и природата.
- Исчистени се три поголеми локални депонии со површина од околу 5.000 м2, две депонии на патот кон Визбегово кај претоварната рампа и една на патот кон с.Горно Оризари.
- Извадени се старите живини светилки и заменети со „лед"штедливи сијалици.

- **Редовно се врши дезинфекција и миење на локалните улици, со што се намалува загадувањето на амбиеталниот воздух.**

**Можам да кажам дека одговорно и реално работиме и ќе продолжиме за подобрување и зачувување на животната средина и ќе ја направиме општина Шуто Оризари подобро место за живеење.**